# ВОВЕД

Многубројните економски, политички, техничко-технолошки, социодемографски, еколошки и просторни промени кои го одбележаа нашето столетие имаа и одредено влијание во развојните тенденции на туризмот. Овие промени се одразија на неговиот квантитет преку обемот и динамиката на туристичките текови. Освен квантитативните посебно дојдоа до израз квалитативните промени кои се однесуваат на: структурата на туристичката потрошувачка, должината на престојот, начинот на користење на одморот, активностите и сл.

Иако туризмот како стопанска дејност почнува поинтензивно да се развива кон средината на минатото столетие, веќе во осумдесетите години се искачи на третото место во меѓународната размена, веднаш после нафтената индустрија и индустријата за автомобили.

Имајќи ги предвид токму овие промени кои како позначајни постојано го следат туризмот давајќи му обележје на динамична појава, изработката на овој труд има основна цел да се согледаат и презентираат современите тенденции на туризмот. Врз основа на нив преку критичка опсервација и анализа ќе се согледаат неговите понатамошни развојни тенденции. При тоа ќе се осврнеме прво на неговата актуелна состојба преку апострофирање на развојните карактеристики, искуствата и ефектите во поедини земји. Добиените сознанија за развојот и искуствата од туризмот во поедини земји ќе се искористат за компарација со нашите искуства, со цел да се извлечат позитивните страни и доколку е можно да се применат и во Република Македонија.

Актуелноста на промени во туризмот беше поттик за ова истражување. Тоа ќе води кон натамошни продлабочени научни истражувања на оваа проблематика во Република Македонија. Имајќи во предвид дека изработката на оваа докторска дисертација претставува прв обид во нашата земја со кој комплексно и научно се пристапува кон истражување на современите тенденции на туризмот, сметаме дека добиените сознанија ќе најдат теоретска и практична примена. Исто така, преку спроведените истражувања и изработката на овој труд наша интенција е да се согледа и актуелната состојба на туризмот во Република

Македонија. Со тоа ќе се обидеме да дадеме одредени предлози за надминување и подобрување на сегашната состојба на македонскиот туризам.

Преку анализа на актуелната состојба на туризмот во светот, апострофирани се неговите развојни карактеристики. За таа цел извршена е анализа на обемот, структурата и динамиката на туристичките текови врз основа на расположливите податоци од Светската туристичка организација, OECD, како и податоци од статистички публикации и извештаи од поедини земји. Покрај тоа извршена е анализа на регионалната дистрибуција, промените на туристичките текови, специфичностите на туристичкиот пазар и неговата меѓународна димензија.

Посебно внимание во дисертацијата им се посветува на актуелните тенденции на туризмот во светот. Имајќи го во предвид карактерот на туризмот, било да се разгледува од меѓународен или пак од национален аспект, потребно е да се следат појавата и развојот на неговите тенденции. Поради постојаните промени кои се случуваат на меѓународниот туристички пазар нивното следење е неопходно за да може да се биде во чекор со нив и да се реагира навремено и соодветно. За таа цел направено е истражување, проучување, селектирање и презентирње на одредени тенденции кои сметаме дека му даваат посебно обележје на современиот туризам. Со оглед на комплексноста на туризмот и неговото окружување во натамошното истражување на трудот ќе бидат обработени организациските и кадровските аспекти на туризмот и можностите за негов развој.

Во делот од овој труд во кој се опфатени ефектите од развојот на туризмот образложени се позитивностите и негативностите што се појавуваат како резултат на туристичкиот развој. За таа цел, како резултат на општествениот и економскиот карактер на туризмот презентирани се неговите општествено-културни и економски влијанија но не изоставајќи ја и улогата на политиката во развојот и унапредувањето на туризмот. Кога станува збор за ефектите од развојот на туризмот покрај позитивните треба да ги имаме во предвид и негативните страни. Ова затоа што омасовувањето на туризмот и освојувањето на нови простори на планетата во функција на негов развој доведоа до ограничување на слободните, незагадени и здрави животни простори кои денес ги има сé помалку а кои се многу потребни имајќи го во предвид современиот начин

на живеење. Меѓусебната поврзаност на туризмот и животната околина, неговите позитивни влијанија во смисла на туристички развој од една страна како и нејзина истовремена заштита и зачувување од друга страна, претставуваат проблематика која заслужува внимание. Но исто така, резултат на туристичкиот развој претставуваат загадувањето и девастацијата на просторот како производ на масовните туристички движења. Во таа насока се разгледани и презентирани ограничувањата и заканите за туризмот поврзани со еколошките, природните катастрофи, "болестите на денешницата", тероризмот, проституцијата и други, како сериозни проблеми кои се нераздвојно поврзани со туристичкиот развој.

Преку истражување и анализа на состојбите и карактеристиките на тенденциите на туризмот по региони обработена е проблематика на туризмот одделно во одредени земји за кои тој претставува значаен дел во нивниот економски развој. Притоа посебно внимание е посветено на развојните тенденции на туризмот, заедничките обележја и посебните карактеристики на туризмот во тие земји од аспект на нивната организациска структура, правната регулатива, развојната и кадровската политика. Врз основа на добиените сознанија извршена е компаративна анализа и дадени се соодветни заклучоци за актуелните состојби на туризмот во одделни земји. Освен тоа истите се искористени за компаративна анализа со актуелната состојба на туризмот во Република Македонија, иако во последнава деценија се забележани негативни тенденции во обемот и динамиката на туристичкиот промет, а во негови рамки особено на странскиот.

Освен што ваквата состојба е резултат на актуелните политички и економски причини, сепак не треба да го занемариме фактот дека таа произлегува и од недостатокот, а истовремено и неопходноста од квалитетна и збогатена содржина на туристичката понуда во Република Македонија. Во согласност со барањата и постојните трендови на туристичкиот пазар потребно е прилагодување на домашните угостителско-туристички субјекти кон нив.

Покрај анализата на состојбите на туризмот во Република Македонија, преку овој дел од трудот, целта е да се дадат предлози во насока на подобрување и надминување на постојните проблеми.

Врз основа на емпириските истражувања, теоретските проучувања, анализите и заклучоците кои се донесени во текот на изработката на трудот,

преку методот на компарација направени се компаративни согледувања на современите тенденции на туризмот во светот и во Република Македонија. Преку овој метод целта е да се укаже на разликите и сличностите на современите тенденции на туризмот во светот и во Република Македонија. Постигнатите заклучоци ќе помогнат во утврдување на местото на нашата земја на меѓународната туристичка сцена, дали и колку таа е во чекор со современите тенденции на туризмот, што прави и што треба да се преземе за да не се изгуби чекорот со нив. Исто така во оваа насока дадени се конкретни предлози за понатамошен развој и надминување на постојната состојба на македонскиот туризам.

Во заклучните истражувања на докторската дисертација предмет на истражување претставуваат согледувањата за натамошниот развој на туризмот. Во овој дел од трудот акцентот е ставен на предвидувањата и планирањето на понатамошниот развој на туризмот во светски рамки. Затоа посебно се земени во предвид неговиот брз пораст, значајното учество во националните економии и девизните приходи кои многу земји ги остваруваат врз основа на туризмот, посебно странскиот.

Сметаме дека добиените сознанија за современите тенденции на меѓународниот туристички пазар ќе помогнат во расветлувањето на идниот развој на туризмот. Исто така сознанијата и заклучоците од истражувањата произлезени од овој труд ќе ни помогнат да презентираме сопствени видувања за понатамошниот развој на туризмот во Република Македонија.